# МАТЕРИЈАЛИ

Александар МАТКОВСКИ и КЕМАЛ АРУЧИ

## МАКЕДОНИЈА И СОСЕДНИТЕ ОБЛАСТИ ВО ХРОНИКАТА „БЕДА-И УЛ ВЕКАИ“ од КОЏА ХУСЕИН (1328—1491)

### Биографијата на Коџа Хусеин

Во османската средновековна историографија била мошне развиена хронолошко-летописната традиција. Благодарејќи на оваа традиција до наши времиња дошле повеќе историски дела со летописен карактер кои имаат оригинален или компилативен карактер. Особено се важни оние дела чии автори ги опишувале современите настани т.е. кога и самите автори биле актери, очевидци или учесници во тие настани. Некои османски хроничари составувале хроники од основањето на Османското царство па до нивно време. Иако ваквите хроники имаат повеќе компилативен карактер, тие сепак се важни бидејќи нивните автори користеле историски извори и хроники кои се сега загубени, непознати или малку познати. Вредноста на овие компилативни дела зависи од какви извори и претходни летописни дела се користел авторот, дали вршел критично одбирање на материјалот — во колкава мера и со каква тенденција, дали ја проверувале веродостојноста на изворите и на кои хроничари им давал предност. Некои од османските хроничари не само што биле оригинални, туку и критички се однесувале кон општествените современи настани. Независно од тоа што повеќе од нив биле дворски хроничари, апологети на феудалната владеачка класа и на дворот и што во исламот гледале како на вечна, незаменлива и универзална идеологија, тие сепак оставиле веродостоен материјал, кој современиот историчар може да го ползува откако ќе ја отфрли нивната идеолошка лушпа и критички ќе го спореди со другите сочувани материјали. Во плејадата на многубројните османски хроничари посебно место зазема и Коџа Хусеин или Хусеин-ефенди.

За биографијата на Коџа Хусеин нема многу податоци. Познато е дека бил роден во Сараево каде што неговиот татко бил управник на библиотеката при Гази Хусревата џамија. Хусеин го придржувал султанот Мурат IV во воениот поход кон Багдад во 1638 година. По враќање од походот станал управник на канцеларијата на Диванот (реис-ул куттаб). Сите автори што пишувале за него се согласуваат дека умрел во 1644 година на околу 80 годишна возраст, освен Тверитинова која смета дека умрел подоцна[1]).

## Хрониките на Коџа Хусеин

За неговата хроничарска дејност има сочувано доста податоци. Познато е дека тој уште кога бил во поход кон Багдат, по наредба на Мурат IV ја превел на турски јазик арапската светска историја „Ахбар ал дувал"[2]). (Вести за државите) од Ахмед бен Јусуф Карамани или од Бедреддин Хасан Челеби[3]). Ова е историја на божјиот пратеник Мухамед и на арапските халифи.

Второто негово дело е „Беда'-и ул векаи" (Настани што воодушевуваат) што го пишувал меѓу 70 и 80 годишна возраст. Ова е историја во два тома. Првиот том ја содржи историјата на божјиот пратеник Мухамед, на омајадските и абасидските халифи и историјата на другите исламски владетели. За овој том самиот автор напишал: „Јас ништожниот и многугрешниот роб, кутриот Хусеин веќе 60 години се наоѓав во служба на справедливиот Диван на Османскиот двор. И кога меѓу 70 и 80 годишна возраст бев отстранет од превисоката должност реис-ул куттаб, не го губев времето туку се дадов на пишување светска историја под наслов „Беда-и ул векаи" за да остане во иднина. Малку помалку ги определив настаните што се случиле во време на неговата светост високо почитуваниот божји пратеник — Алах да му даде спас и мир — и на неговите дедовци, потоа настаните од времето на четирите (први) справедливи халифи и на дванаесетите имами на омајадските и на абасидските халифи, како и ретките настани што се случиле во времето на другите муслимански владетели . . . Но овој труд не беше читливо препишан. И кога во првиот ден на зилхиџе 1054 година

[1]) Хюсейн, Беда'и'ул века'и' (удивительные события). Издание текста, введение и общая редакция А. С. Тверитиновой. Аннотированное оглавление и указатели Ю. А. Петросяна. АН СССР, Москва 1961, 6—9.

[2]) Franz Babinger, Die Geschichtsschreiber der Osmanen und ihre Werke, Leipzig 1927, 186.

[3]) Узунчаршили сметал дека тоа не е превод на делото од Карамани, како што тврдел Бабингер, туку од Бедреддин Хасан Челеби. Uzunçarşili, Osmanli tarihi III, 2 kisim, s. 500.

(29. I 1645) решив да го средам и читливо да го препишам, наеднаш видов сон".[4]) Во сонот му се прикажало дека трудот требало да го продолжи со втор том во кој ќе биде дадена историјата на Османската династија. „И така — продолжува авторот —според веќе одредените правила почнав да ја пишувам и историјата на Османската династија"[5]). Од овие негови записи се гледа дека првиот тм од „Беда'-и ул векаи" го завршил на 29. I 1645 и веднаш го започнал вториот т.е. историјата на Османската империја. Од овој запис Тверитинова со право заклучува дека датата на неговата смрт не е 1644 туку подоцна бидејќи му требало 3—5 години да го заврши вториот том. Завршувањето на вториот том, кој всушност е посебно дело, Тверитинова го става во 1649 или 1650 година, а неговата смрт ја поместува по 1650 година[6]).

Својата хроника на Османската империја, Хусеин ја пишувал како и другите турски летописци т.е. според периодите на владеењето на одделните султани запишувајќи настани од воениот, политичкиот и економскиот живот на Империјата кои според неговото мислење биле важни да се запишат. Неговата историја хронолошки оди до 1520, но на неколку места се спомнуваат и настани од 1574 до 1595, како и настани од 1603 до 1617 па дури и од 1647 година. Тој ни оставил податоци дека својата историја ја пишувал врз основа на документи кои биле достапни од државната канцеларија како и врз извори веќе објавени од претходните арапски, турски и персиски автори. По заземањето на Константинопол султанот Мехмед II наредил да се преведат на турски јазик и разни дела од византиската историографија, кои Хусеин исто така ги ползувал како литература за историјата на Османската империја[7]).

Прв кој укажал на Коџа Хусеин како хроничар бил Хамер. Меѓутоа, Хамер го знаел само како автор на општата исламска историја во која не била вклучена и историјата на Османската империја[8]). Потоа Флугел прв дал библиографски податоци за овој труд во неговиот каталог на арапски, персиски и турски ракописи кој се чува во Виенската библиотека[9]). И Бабингер, исто како Хамер, сметал дека Коџа Хусеин напишал само општа исламска историја во која не била вклучена и историјата на Османската империја или ако ја започнал, поради старост не ја завршил[10]). Тверитинова има голема заслуга што

---

[4]) Тверитинова ц. д. 8.

[5]) Истото.

[6]) Истото, 9.

[7]) Истото, 23.

[8]) Josef von Hammer, Geschichte des Osmanischen Reiches, V, Pest 1829, VII.

[9]) G. Flügel, Die arabischen, persischen und türkischen Handschriften der Kaiserlich-Königlichen Hofbibliothek zu Wien, II, Wien 1865, 94—96.

[10]) Babibger c. d. 186—187.

го пронајде вториот том на Беда'и ул векаи т.е. историјата на Османската империја од Коџа Хусеин и со тоа ги отстрани сите сомневања што владееја до 1961 година кога таа ова дело го објави во две книги и тоа само во факсимили т.е. фототипско издание и со еден мал предговор. Овој ракопис Твеританова го пронајде во ракописниот дел на Ленинградската библиотека. Од ова фототипско издание и ние се служевме. Тоа издание има вкупно 517 листови т.е. 1034 факсимили со арапски штрифт и тоа во првата книга од 1а до 191а, а во втората од 191б до 517б.

Коџа Хусеин дава мошне интересни податоци за овој најран период на турското освојување на Балканскиот Полуостров. Тој ни оставил податоци за ковањето на првата османска монета, за воспоставувањето на спахиско-тимарскиот систем на Балканот, за организирањето на јаничарскиот корпус и собирањето христијански деца за него, за освојувањето на македонските градови и соседните области, за Маричката и Косовската битка и за отпорот на Албанците на чело со Скендербег.

Еве ја во изводи хрониката на Коџа Хусеин за Македонија и соседните области за периодот од 1328 до 1491 година. По 1491 година настаните не се однесуваат на нашите краишта.

## Почетокот на ковањето на царската монета, воведувањето ќулахот (и организирањето)[11]) на воени сили и спахии

Со божја милост за време на владеењето на Орхан османската династија достигна степен на високо достоинство. Поради тоа, еден ден везирот Алауддин-паша, кој беше и брат на владетелот, се обрати до Орхан и му рече: „Пред сѐ треба да биде искована (и издадена) монета со вашето високо име. Досега во овој поглед се уважуваше авторитетот на селџуците и не беше освоен некој голем град, достоен да биде место за ковница. Сега селџуците се споменуват со лошо име, а беше освоен и градот Бруса, кој е сличен на рајот“.

Тогаш владетелот Орхан Хан и сите ајани со тоа се сложија. Украсувајќи го лицето на среброто и златото на кованата монета на едната страна се напиша: „Освен севишниот не постои друг бог, Мухамед е пратеник на Бога“, а на другата страна името „Султан Орхан, син на Осман“, датумот на ковањето и „Ковано во Бруса“. Ковањето на оваа монета се случи во 729 година.[12])

Потоа везирот, споменатиот Алауддин-паша продолжи и рече: Сите (христијански) владетели како и нивните војници во румелиските земји имаат свои посебни обележја и униформи.

---

[11]) Се што е во заграда, го нема во оригиналниот текст,

[12]) Меѓу 5. XI 1328 и 24. X 1329 год.

Бидејќи војниците кои се борат за вера уште немаат униформи, спахите не се разликуваат од рајата... (43 б)[13]). Сметам дека е достојно да постапите според хадисот: „Најблагородната облека е белата", и според истиот вашите специјални војници да облечат ќулах од бело рече. Со тоа ќе ја зачувате традицијата на божјиот пратеник и ќе бидете најистакнат меѓу сите владетели. Падишахот Орхан ја прифати оваа мисла и имајќи го предвид времето во Румелија каде паѓа многу снег и дожд, мислеше дека е погодно да носат пешмине, суф, скерлет и кулах рече и нареди неговата лична војска и дворските слуги да носат ќулах од бело рече. До епохата на Јилдирим Бајазид Хан и владетелите и спахиите носеа бели турбани. Со цел да се отстрани нејасноста во униформата, по иницијатива на главниот емир Тимурташ-паша владетелот Јилдирим Хан нареди слугите на владетелот да носат бело, а емирите и миримираните црвено рече. Носење на познатата (капа) ускуф ја воведе Сулејман паша. По заземањето на Кокурхисар пирот на дервишите Мулла Хункар, запленетите пари ги собра во еден ќулах, ги донесе и ги раздели меѓу муслиманските борци. Потоа својот ќулах го врза и го украси во вид на „зердузи" и го нарече ускуф. Потоа сите владетели, принчеви и членови на османската династија, сите дивански функционери и други големодостојници, освен учените и шејховите, во сите големи собири го носеа ќулахот, (наречен) ускуф. Тоа беше сè до епохата на Султан Мехмед Хан. Овој турбан многу се рашири за време на владетелот кој ги имаше својствата на ангел султанот Гази Мурат и многу се украси. Во некои походи султаните на османлиската династија носеа ускуф и така истиот го прифатија и како султанска круна. Турбаните што се наоѓаат на гробовите на османлиските владетели во Бруса, а кои се завиткани над украсните круни се модели од овој ускуф. Овие турбани се замотани многу мајсторски така што не може да се види почетокот и крајот, а имаат и прекрасен изглед. (44 а). Во времето на султанот Сулејман се појавија и турбаните од видот муџеввезе, селими, јусуфи, перишани и каллави.

Третата претпазливо предложена мерка на Алауддин-паша беше: Бидејќи меѓу муслиманите и неверниците се појави омраза и непријателство, и бидејќи за продолжување на оружената борба и за проширување на (исламските) земји се укажа голема потреба за зголемување на постојните воени сили, предлагам од турските младинци да регрутираме потребен број пешадиски војници; да им се плаќа по едно акче дневно и оваа војска да се нарече јаја. На чело на секој одред од стотина такви борци да назначиме по еден коњаник како салар (ста-

---

[13]) Цифрите што се во заграда ја означуваат страницата во оригиналниот текст.

решина); на чело на секој одред од илјада војници да именуваме по еден беј; да им се плаќа само кога ќе бидат во поход, во мирно време да го обработуваат за нив одреденото земјиште и да бидат ослободени од плаќање на ушур, такси и други давачки.

Падишахот Орхан Хан се сложи и со овој предлог на својот достоинствен брат и реши оваа војска да биде наречена јаја, коњаникот одреден за јузбашија да биде наречен муселлем а бинбашијата јаја беји. Потоа припадниците на оваа тајфа ги запиша кади аскерот мевланата Кара Халил, и така истите се приклучија кон воените сили на Орхан. Бидејќи припадниците на овие одреди наскоро во походите започнаа со злосторничка дејност, по формирањето на јаничарската војска им беше укината (предвидената) дневница и беа оставени да се издржуваат од земјоделство, а како и порано биле ослободени од плаќање на ушур и на секакви други даноци. Но во случај на поход пак беа повикувани.

Во време на Султан Мурат, син на Селим Хан, воените одреди (наречени) јаја и муселлем беа укинати. Потоа преку миријата им се продаде земјиштето што го поседуваа и се заведоа како раја, а нивните чифлици станаа тимари. (44-б). Сегашните тимари и зеамети, наречени менсухат се нивните земји. Тие и (сега) служат во царската морнарица и пак ги помагаат воените сили.

Корисноста (на делото) на Алауддин-паша е потврдена и со организирање на коњица. За припадниците на овие единици и за нивните коњи им одреди доволни земјишни поседи и им дозволи да располагаат со приходите од овие земји и ги ослободи од плаќањето на ушур и секакви вообичаени давачки (предвидени) за рајата. Тие беа должни да учествуваат во (секој) поход и тоа со коњи и војничка опрема која одговара на површината на ползуваниот посед. На секој одред од десет, сто и илјада лица именува по еден (салар) старешина. На бинбашиите им довери и знаме . . .

## Објаснување за појавата на јаничарскиот корпус

По првата средба со султанот и по донесеното решение за зголемување на воените сили (везирот) Алауддин-паша и кадиаскерот мевланата Кара Халил пак се состанаа со Султанот Орхан и рекоа:

Освоените места кои порано им припаѓаа на неверниците се освоени по пат на сила. Поради тоа и жените и мажите на овие земји, станаа ваши робови и сите се ваши слуги и слугинки. И од логична и од шеријатска гледна точка допуштено е од децата на немуслиманите да бидат мобилизани неколку илјади војници.

Султанот Орхан го прифати предлогот и издаде декрет за формирање на јаничарската војска. Споменатите избраа доволно немуслимански мурахик деца и ги нарекоа девширме. Потоа немуслиманските деца беа предадени на разни месни ајани, занаетчии и на рајата, каде што го учеа турскиот јазик, како би служеле понатаму без тешкотии. По неколку години децата ги собираа на едно место и беа наречени аџеми оглани. Потоа децата беа предавани на јаничарскиот оџак (45 а) и вака формираната нова војска се нарече јаничари. Тие примаа по едно акче дневно, како во мирно така и во воено време и станаа достојни слуги на османската династија. Потоа, според (хадисот): „секој се раѓа со исламска преодреденост", тие се вмешаа со припадниците на исламот, и откажувајќи го идолопоклонството со сè срце ја прифатија исламската вера. Бидејќи во своите служби жртвуваа душа и покажаа (извонреден) хероизам, им се повери и чувањето на срцето на Империјата, т.е. дворецот како во мирот така и во војната. Некои од нив достигнаа и до степен на највисоки функции и станаа емири и мир-и мирани. Некои од нив го достигнаа дури и везирството. Така, Бајрам-паша и Кара Мустафа-паша станаа големи везири . . . (45 б).

## Почетокот на освојувањето на Румелија

По освојувањето на повеќе градови во Анадолија султанот Орхан мислеше својата власт да ја прошири и во румелиските земји. Поради тоа што двете земји ги дели море, тој знаеше дека освојувањето на Румелија не е лесна работа. Владетелот претпоставуваше дека оваа тешка задача може да ја оствари само неговиот син Сулејман-паша, но мислејќи на опасноста и поради татковската милост за ова тој не проговори. Сосема случајно еден ден Сулејман-паша допатувал од Караси за да го посети својот достоен родител. Кога во меѓусебните советувања и консултирања падишахот ја искажа својата желба, Сулејман-паша (48-б) ги прочита мислите на султанот и упатувајќи му најискрени добри желби рече:

— Во случај да се нареди и ако ми се укаже божја милост ова, и за религијата и за империјата, полезно дело смело би можел да го изврши овој ваш роб. Со помошта на Бога би можел и без пловен објект да преминам на другата страна. Со тоа Сулејман-паша даде на знаење дека очекува ферман. Падишахот, молејќи се за победа и за божја помош го изучи делот од коранот наречен Фатиха и го советуваше дека рангот на секој еден зависи од вложените усилби. Тогаш Сулејман-паша се задолжи со освојувањето на Румелија.

## Опис на румелиската земја

Земјите што се наоѓаат северно од грчките предели сега се познати под името Румелија, а овие многу плодородни земји се прочуени и под името Македонски земји бидејќи прочуениот Александар, син на Филип, се родил во оваа земја . . . (49б). Македонскиот полуостров е прекрасна земја, чија должина и широчина може да се мине за месец дена . . .

Пространството до северозападниот предел кај реката Дунав и до блиските места на Босна се смета како земја Румелија. Румелија е еден голем и во целост населен полуостров, каде што во падините и речните долини не постои ненаселено место. (49-б).

Планините што се наоѓаат во Румелија се богати со извори на реки и со разновидни руди како: злато, сребро, железо и др. Климата во планинските предели е остра. Остра е климата и во градовите, а во планините дождливото време е секојдневна појава, а преку зимата паѓа и снег. (50-а).

## Консултирањето за премин преку морето

Принцот Сулејман-паша со ферман се задолжи да премине во Румелија. Тогаш тој се обрати до татко му и побара да му се доделат вешти лица. Барањето му било задоволено, тој ги зеде со себе лицата и замина . . .

Тогаш принцот ги повика своите истомисленици, а особено истакнатите функционери како Еџе-беј, Гази Фазил и достојанствениот Евреноз-беј, кои служеле како команданти во Караси, ги собра и изрази желба за преминување на другата страна. На едно место морето имаше помала длабочина. На другата страна се наоѓаше малата тврдина Ципне. (Конечно) се реши преминувањето да биде извршено на ова место. Собирајќи ја потребната граѓа и трска се направи еден сплав. Со цел од румелиската страна да биде доведен човек за испитување Еџе-беј и Гази Фазил побараа дозвола од принцот, и со помошта на бога, под светлото на ѕвездите сплавот се пушти во морето. Излегоа на другиот брег близу гореспоменатата тврдина и меѓу лозјата на христијаните заробија едно лице, го врзаа и го доведоа на анадолската страна. Заробениот беше примен од везирот, споменатиот Сулејман-паша, кој му укажа чест, му вети имот, служба и спокоен живот. Откако се успокои заробениот искрено одговори и даде многу интересни податоци за другата страна на морето. Тој рече дека веднаш до ѕидот на тврдината Ципне се наоѓа брдо од отпадоци, на пепел и ѓубре, што било фрлано со години и ја достигнала височината на тврдинскиот ѕид; преку овие отпадоци било лесно качувањето на

ѕидот и дека потоа не постоела пречка за изненадно освојување на оваа тврдина, дека населението не се занимавало со чување на тврдината и евентуална ненадејна инвазија би ја дочекало со скрстени раце (51а).

Дадените податоци од заробениот беа охрабрувачки. Неколку храбри борци нападнаа некое место во крајбрежјето на непријателската територија, опљачкаа неколку волови од непријателот, кои биле заклани и месото се употреби за исхрана на борците, а од кожите беа направени дивали, (надуени мешини) со кои биле појачани двата сплава. Се одредија по 40 многу добро наоружани борци за секој сплав. Бројот четириесет е знак на совршеност бидејќи божјиот пратеник во својата четириесетта година добил вдахновување за своето пратеништво. На едниот се качил лично принцот Сулејман-паша, (потоа) прочуените херои и борци Ак Сункур, Кара Оглан Оглу, Кара Тимурташ, Кара Хасан Оглу, Акче Хоџа (Коџа) Оглу и Балабанџик Оглу со 40 способни борци на верата. На другиот сплав беа Хаџи Илбеи, Еџе-бej, Гази Фазил, Евренос-бej и други 40 борци. Со помошта на божјиот пратеник, сите борци, ноќе, под ведро небо, и под ведрината на исламската светла идеја, ги одврзаа сплавовите и со божја милост го преминаа морето, стапија на територијата на Румелија и застанаа околу тврдината Ципне. Веднаш потоа борците се качија на кулата на оваа тврдина. Населението се наоѓаше во длабок сон. Се пробуди од шумот на сабјите и сето беше заробено. Сметајќи дека хуманото држање спрема нив е богоугодно дело не беа ликвидирани. На неколцината од нив им се вети положај и ги задржаа во тврдината, а другите особено поистакнатите, беа упатени во Анадолијс. Таа ноќ се успеа од Анадолија да се доведат уште 300 борци, и со помошта на мештаните, за три дена станаа вкупно 3.000 нефери. (51 б).

Во заливите Бола Јер и Акче Лиман, кои се наоѓаа во близината на гореспоменатата тврдина беа усидрени бродовите на неверниците. Испраќајќи го Гази Еџебej на чело на еден одред борци истите веднаш беа изгорени.

### Освојувањето на тврдината галиполе

Со посредство на жителите на тврдината Ципне, (воените сили на Сулејман-паша) ја окупираа и тврдината Ајашлонија што се наоѓа во близина. За да послужи како пример сите жители на оваа тврдина, и старо и младо, биле погубени, а богатиот плен од тврдината се поделил меѓу жителите на Ципне. Жените и децата на погубените беа сместени околу (градот) Караси. (Освоената) тврдина била предадена на одредени способни мухафизи. Вакви приказни се ширеа меѓу христијанските владетели на румелиските земји:

„Една малобројна банда и неколку необезбедени спахии се собрале како седумте ѕвезди и се нафрлиле на кулите на двете мали тврдини. Врзувајќи неколку дрвја и трски направиле сплав. Минувајќи го морето со него и носејќи детски тапани се префрлиле на оваа страна и како друмски разбојници се нафрлиле ненадејно една ноќ на група небрежници и така го истакнале муслиманското знаме во овој граничен предел". Некои нивни мудреци чекаа да се случи пресуденото (од бога). Омалуважувајќи ги муслиманските борци, тие не презедоа мерки и велеа: „Луѓето се малобројни. Кога ќе сакаме, лесно ќе ги истераме".

По испитувањето се утврди дека немуслиманските владетели во Румелија биле остатоци на римските кајзери и следбеници на апсолутизмот. По пат на наследство, секој од нив, ја заземал управата на некоја област. Меѓу нив не постоела согласност. Секој беј ја чувал својата област. Никогаш не конферирале на некој висок собир, туку како добиток си ја гледале само својата куќа. Не обрнувале внимание на муслиманските борци.

Групата на правоверните, пред очите на неверниците кои гледаа (само) на надворешната форма, секогаш изгледаше малобројна. Но она што непријателите го омаловажувaa, на крајот победи. На пример, управителот на Кокур Хисар кој беше еден од родниниte на управителот на Галиполе, во 759 година[14]), дење и ноќе, не се симнуваше од својот коњ. Вршејќи ноќни препади секогаш ги оштетувал (силите) на Гази Фазил и Еџебеј Гази кои се наоѓаа во овој граничен предел. Кога принцот дозна за ова заседе пусија близу тврдината. Кога проколнатиот управител како што му беше обичај излезе од тврдината, принцот го нападна. Тој побегна кон тврдината при што потрчаа и борците за вера и опколувајќи го од секоја страна го заробија. Кога опколените жители на тврдината видоа дека управителот им е победен и заробен, (под услов) да бидат поштедени ја предадоа тврдината. Потоа (принцот) го обеси управителот, а големиот плен од тврдината го раздели меѓу борците не задржувајќи ништо за себе.

Ова ново освојување управникот на Галиполе не можеше да го поднесе и го нападна принцот Сулејман-паша. Во моментот на средбата на двете сили муслиманските војници, во споредба со војниците на неверниците, беа малобројни. Но принцот со божја милост победи, а управителот одвај се засолни во тврдината. Веднаш потоа победоносниот принц ги испрати Еџе-беј Гази и Фазил Гази на кои им нареди да ја освојат оваа тврдина. Употребувајќи сила, тие пред сè ги исчистија околните места, и за кратко време го освоија целиот вилает кој

[14]) Меѓу 14. XII 1357 и 2. XII 1358 год.

сега е прочуен под името „Еџе Оваси". Вилаетот беше освоен од Еџе-беј Гази. Тврдината на Галиполе беше опколена и тоа така што беа затворени (сите) можни излези. Поради тоа управителот се обрати за милост. (Барањето му се удоволи) и тој заедно со членовите на своето семејство се качи на брод и замина кон Истанбул. Точно во 760 година[15]) беа освоени тврдините на Галиполе и на Кокур Хисар, и целата провинција Клоконија стана исламска земја. Еџе беј и Гази Фазил беа назначени за валии на овие вилаети кои до крајот на своите животи се бореа за проширување на земјата. Гробовите на двајцата се наоѓаат во овие места и секогаш се посетуват (53а).

## Изгласувањето на некои закони, именувањето на кадиаскер и миримиран на Румелија, преминувањето на падишахот во Румелија и освојувањето на тврдините Деспот, Чорлу, Мисиллу и Богаз Хисари

Пролетта 763 година[16]) султанот Мурат Гази почна да мобилизира нови воени сили и да издава полезни закони. Дотогаш не постоеше (функцијата) кадиаскер туку во походите учествуваше кадијата на престолнината. Тогаш се реши кадијата на Бруса, мевлана Халил Џендерели да биде назначен за кадиаскер и да му се даде решавањето на сите шеријатско-правни работи. Бидејќи немаше возрасен син, (падишахот) Гази Мурат Худавендиѓар реши Лала Шахин да го назначи за беглербег и го задолжи да организира спахии. (Веднаш потоа) беа изградени пловни објекти за транспортирање воени сили од Анадолија во Румелија и беа пренесени разни родови војска. И султанот Гази замина преку преминот на Галиполе. Потоа пристигна во Балаер каде што го посети гробот на брат му Сулејман-паша, раздели многу задушница и увакафи некои некретнини. Потоа по мирен пат ја освои тврдината Деспот и ја опколи тврдината Чорлу. Бидејќи едното око на командантот на тврдината беше ослепено од стрела, на војниците им беше дозволено пљачкање и така тврдината беше освоена. Ликвидирајќи го командантот, војниците ја опустошија оваа тврдина. Командантот на Мисиллу ја предаде својата тврдина. Бидејќи бранителите на препоста Богаз Хисар ја евакуирале оваа тврдина штом се заседе беше срушена до темел. На таков начин овие провинции се приклучени кон искламските земји.

---

[15]) Меѓу 3. XII 1358 и 22. XI 1359 год.

[16]) Во пролетта 1362 год.

10*

## Освојувањето на Одрин и Димотока

Покојниот Сулејман-паша ги задолжи Хаџи Илбеј од Малкара и Евренос-беј од Ипсала со освојување на нови провинции. По смртта на Сулејман-паша и на султанот Орхан цела една година румелиските земји останаа без сердар и управувач. Бројот на стационираните сили во Румелија беше десет пати помал од оние на непријателот но двајцата споменати војсковотци ја одржаа безбедноста и ги осигураа овие провинции од злосторствата на немуслиманите Хаџи Илбеј во 762 година[17]) често пати ги напаѓаше провинциите околу реката Марица што спаѓаат кон освоената тврдина Богазхисар и секогаш се враќаше со богат плен (62-а). Една ноќ, командантот на Димотика излегол од својата тврдина за ноќен напад. Тогаш се соочил со Хаџи Илбеј, кој допатувал да изврши една од своите вообичаени воени операции. Тој со божја помош го зароби феудалецот и го доведе пред тврдината на Димотика. Кога синот на феудалецов видел дека татко му е заробен се обратил за милост, и ја предал тврдината. Тогаш и Евренос-беј ја зазеде тврдината Кешан, што се наоѓа на крајбрежието. Падишахот Мурат Худавендиѓар тогаш наредил тврдината, наречена Богазхисар, да биде запалена и разрушена. Двајцата споменати високи државни функционери, кои се занимаваа со воените операции за освојување на Чорлу и Мисиллу, тогаш беа примени од владетелот. Му ги предадоа своите дарови од прибраниот богат плен и беа облечени со достоинствени алишта, подарени од владетелот. Тогаш падишахот со нив размени мислење и за освојувањето на Одрин. Беглербегот Лала Шахин и неговите воени сили беа упатени кон Одрин, а падишахот замина со цел да го освои градот Баба Ески. Преземајќи потребни мерки, командантот на Одрин, по име Адриа, го дочекал беглербегот Лала Шахин и борбите биле водени кај местото Сазли Дере. По извојувањето на победата, силите на Адриа се растурија, а тој се засолни во тврдината. Испраќајќи неколцина истакнати непријателски заробеници во Високата порта, беглербегот Лала Шахин се обратил со молба падишахот лично да тргне кон Одрин. Тогаш падишахот заедно со своите сили допатува во овој опколен град. Кога Адриа видел дека насекаде се вејат османски знамиња, решил да ја напушти тврдината. Една вечер ги собрал своите драгоцености и заедно со членовите на своето семејство се качил на некој брод и заминал во Енезд. Беше пролет а реката Марица надојдена. Утредента жителите ги предадоа клучевите на оваа тврдина. Така и оваа тврдина падна во рацете на османлиите. Назначувајќи го Лала Шахин за

---

[17]) Меѓу 11. XI 1360 и 30. X 1361 год.

мухафиз, падишахот заминал за Димотика. Бидејќи му се допаѓаше климата и бидејќи градот Одрин уште не беше уреден, владетелот реши Димотика да биде негова престолнина (62-б). Потоа градот беше проширен и уреден и неколку години служеше како центар и главен град на Османлиската империја.

### Освојувањето на Ѓумулџина, Вардар и Загора; воведувањето на хумуси шер'и и цената на младите робови и робинки

Кога владетелот се врати во Диметока го задолжи Евренос-беј да ги освои тврдините Ѓумулџина и Вардар, а Лала Шахин-паша тврдината Загора. Точно во 763 година[18]) Евренос-беј ги освои тврдините на Ѓумулџина и Вардар; а Лала Шахин-паша (тврдината на) Загора. Поради тоа тие беа почестени со љубезниот прием кај падишахот, а со запленетиот имот беа премногу задоволни.

Тогаш учениот мевлана Кара Рустем, од Караманската провинција, забележал дека една петина од запленетите имоти не се задржува во полза на државата. Поради тоа се обратил до кадиаскерот, мевланата Халил и изнесувајќи му докази, му укажал дека е важно применувањето на прописот хумус. По поднесената претставка од кадиаскерот Халил, бил издаден декрет, мевланата Рустем да раководи со прибирање на една петина од запленетите имоти (во полза на државата). Поради богатиот плен тогаш цените на сите стоки биле многу ниски. Покрај стоките, ниски биле и цените на робовите и робинките. Поради тоа било решено цените на робовите и робинките да изнесуваат по 125 акчиња, која сума изнесуваше 25 османски акчиња, т.е. 5 драма и 1/4 чисто сребро. Престојот на владетелот во Румелија траел сè до 764 година[19]), а потоа пренесувајќи огромен плен заедно со раководителите и спахиите се вратил во Бруса, кој личи на рај. Оставајќи ги (војсководците) Лала Шахин, Хаџи Илбеј и Евренос Гази во Румелија, падишахот побарал (Лала) Шахин да се ангажира со освојувањето на градот Пловдив и на Пловдивскиот вилает. (63-а).

### Освојувањето на Пловдив, и градба на мост над реката Марица

По враќањето од Румелија, падишахот се одмори во својата престолнина Бруса. Тогаш пашата Лала Шахин ги реорганизира воените сили во Румелија и тргна кон Пловдив. (63-б).

Бидејќи градот бил опколен од Лала Шахин и бидејќи опколувањето продолжи немоќниот командант побара милост и заминувајќи кон српската земја ја предаде тврдината. Освојувањето на Пловдив се случи во 765 година[20]). Падишахот то-

---

[18]) Меѓу 31. X 1361 и 20. X 1362 год.

[19]) Меѓу 21. X 1362 и 9. X. 1363 год.

[20]) Меѓу 10. X 1363 и 27. IX 1364 год.

гаш нареди пашата Лала Шахин да го уреди освоениот град. Кон ова веднаш се пристапи и над реката Марица се изгради дрвен мост низ кој можеле да поминат две коли. Покрај другите разновидни култури, по пловдивското поле било веќе вообичаено да се сее и ориз. Државните годишни приходи од ова подрачје изнесувале вкупно 4.000.000 акчиња (63-б).

## Сојузувањето на неверниците од Србија, Босна, Унгарија и Влашко за истребување на муслиманските сили во Румелија

Феудалецот на Пловдив допатува кај српскиот владетел Деспот и бараше помош да им се освети на муслиманите. Деспотот се договорил со кралевите на Босна, Унгарија и Влашко, и точно во 766 година[21]) тргна кон Одрин. Имајќи предвид дека војската што се наоѓала во Румелија не ќе може да се спротивстави на надмоќниот непријател, Лала Шахин се обрати до владетелот Мурат (и го замоли) лично да му пристигне (на помош). Падишахот го прифати барањето и веднаш тргна кон Галиполе, но кога пристигнал околу Бига решил прво да ја освои тврдината на овој град за што често мислел и порано. За тоа време непријателите пристигнале до дводневна далечина од градот Одрин и застанале крај реката Марица кај местото Дернек. Кога бил за ова известен пашата Лала Шахин, тој се вознемирил бидејќи бројот на неговите воени ефективи бил десет пати помал од непријателот. Освен тоа пашата повеќе не се надевал на (пристигнувањето) на помошните сили на падишахот. Тој се помирил со судбината и отпочнал да бара милост од севишниот бог (63-б). Пашата ги консултирал другите прочуени војсковотци и наредил Хаџи Илбеј да замине и да ја извиди положбата на непријателските сили. Извршувајќи ја наложената извидничка акција, споменатиот Хаџи Илбеј установил дека неговите сили преставувале десет спрема илјада непријателски војници. По враќањето пашата Лала Шахин барал излез од оваа критична положба. Тој знаел дека непријателот располага со податоци за бројот на неговите сили; дека непријателот стопроцентно е уверен во својата победа; дека поради тоа е воображен; дека меѓу нив се пие и пијанчи и дека поради тоа непријателските војници деноноќно се пијани и главите им се заматени. Поради сето ова пашата решил да изврши ненадеен напад. Подготвувајќи се за акција, пашата со своите сили постави заседа, а вечерта нареди војсководецот Хаџи Илбеј да тргне кон непријателот. Беше извршено распоредување на ударните сили; се тргна кон непријателот, и скандирајќи го името

---

[21]) Меѓу 28 IX 1364 и 17. IX 1365 год. Годината му е погрешна бидејќи Маричката битка била во 1371 год.

на севишниот бог сосема ненадејно ја нападнаа сојузничката армија, која не можеше да се пробуди од длабок сон. Ноќта беше ведра. Непријателските војници се пробудија со заматени глави од пијанчењето и не знаеја што се случува. Поради тоа, сѐ до разденувањето тие се бореа и се убиваа едни со други. Мнозината од нив беа заробени, а огромен број се удавија во реката Марица. Оваа рамнина, (оттогаш) а и сега е наречена Серб Сандити[22]).

Најзаслужен за оваа чудна и славна победа беше пашата Хаџи Илбеј. Бидејќи Лала Шахин не беше иницијатор и најзаслужен раководител во победата, тој се разочара. Поради тоа што не го поднесуваше големиот успех на победителот, се смета дека пашата Лала Шахин бараше начин и успеа да го убие праќајќи отровен шербет на Хаџи Илбеј. Одговорноста за ова известување нека ја сноси раскажувачот. (64-а).

## Освојувањето на Бига

По опколувањето на тврдината Бига од копно, падишахот нареди со посебни пловни објекти истата да биде опколена и од морето, т.е. од страната на Галиполе и Ајдинџик. Меѓу војниците гласно се зборуваше дека (дошол моментот) за собирање на плен. По нападот на борците на верата тврдината беше освоена. Некои од опколените беа ликвидирани, а некои заробени, а храмовите и црквите беа претворени во џамии (64-а). Во овој радосен момент пристигна и веста за поразот на огромните непријателски сили на Србија. Бидејќи двете радости беа во еден ден, падишахот се заблагодари на севишниот бог и со полна радост се врати во својата престолнина, градот Бруса. (64-б).

## Освојувањето на Чирмен и прогласувањето на Одрин за престолнина

Во непосредна близина на Одрин се наоѓала тврдината Чирмен. Бидејќи не било згодно да остане во рацете на немуслиманите бил испратен извесен број војници, при што тврдината била предадена. Во меѓувреме на османлиската територија биле приклучени и некои други места околу реката Марица, кои припаѓале на оваа тврдина. Падишахот Худавендиѓар Гази се наоѓаше во Димотика и кога легнал да се одмори сонувал дека се наоѓа во некое прекрасно место. Во сонот му се приближил некој човек и покажувајќи му го стариот двор во Одрин му советувал ова место да го направи центар на својата управа т.е. престолнина (65-а). Кога падишахот се про-

[22]) Серб Сандаги — се мисли на мртовечки сандак, во смисла „српски гроб" или српска трагедија.

будил ги повикал своите најистакнати емири и заедно со нив допатувал во Одрин, извршил увид на лице место и издал ферман за изградба на двор. Веднаш потоа биле повикани највидните архитекти, кои (за кратко време) изградиле висок двор и го опколиле со прекрасни паркови и зеленила. Покрај прекрасната резиденција, погодна за падишахот, околу дворот биле соѕидани и прекрасни станови, наменети за високи државни функционери. За кратко време гратчето станало голем град. Потоа во градот биле соѕидани задужбини, џамии, месџиди, училишта текии, ханови, каравансераи, убави улици, пазаришта, мостови и други комунални објекти. Одрин бил прогласен за главен град на империјата во 767 година[23]). (66-а).

## Петгодишните освојувања на Гази Мурат и на неговите бегови во Румелија

Преземајќи погодни мерки за освојување на немуслимански територии Султанот-освојувач издаде наредба Тимурташбеј да отпатува за освојување на Јанбол и К'з'л Агач, а Лала Шахин-паша на Самоков и Ихтиман. Во 768 година[24]) Тимурташбеј ги освои К'з'л Агач и Јамбол. Во меѓувреме и Шахин-паша ги нападна Самоков и Ихтиман. Потоа, кога овие двајца сердари се поклонија пред диванот на падишахол и му ги предадоа своите дарови, беа удостоени со љубезниот прием на честитиот владетел. Во 769 година[25]) беше завршена изградбата на дворот во Одрин. Поради тоа (падишахот) зимуваше во Димотика, а во првите денови на пролетта заедно со војската допатува во Ајдос, при што управителот на овој град му се покори. Потоа (падишахот) отпатува кон Карнобад и окупирајќи ги овие подрачја пристигнал во Сузопол. Неверниците од тврдината се обврзаа да плаќаат џизие. Потоа заминаа за Хајрабол. Освојувајќи ја и оваа тврдина султанот Гази се врати во Одрин и зимата 770 година[26]) ја помина во новоизградената блаженствена порта. Во првите денови на пролетта (падишахот) замина да го освои Крк Клисе. Неверниците на оваа тврдина за кратко време беа поразени. Потоа тој допатува во Пинархисар, при што и него го освои. Тогаш пристигна вест дека Михал Оглу ја освоил тврдината на Визе и веднаш на истата за мухафиз е назначен смелиот борец Ширмерд. Одмарајќи се пет години во Румелија исламскиот падишах во 772 година[27]) допатува во Бруса, кога пашата Лала Шахин го назначи за сердар и го задолжи да остане во Румелија. (66-а).

---

[23]) Меѓу 18. IX 1365 и 6. IX 1366 год.
[24]) Меѓу 7. IX 1366 и 27. VIII 1367 год.
[25]) Меѓу 28. VIII 1367 и 15. VIII 1368 год.
[26]) Меѓу 16. VIII 1368 и 4. VIII 1369 год.
[27]) Меѓу 26. VII 1370 и 14. VII 1371 год.

Пашата Лала Шахин пак тргна кон Самоков и Ихтиман и пристигна до местото наречено Капулу Дервент. Овој Дервент се наоѓа во некое тесно место, меѓу две планини, а во рацете на неверниците имаше една висока врата која подоцна беше срушена чии остатоци и денеска постојат. Во оваа врата имало некои неверници наоружани со пушки. Кога бил извршен нападот, тие не можеле да издржат и поголем дел биле ликвидирани од исламските сили, а мал дел се предале. Потоа вратата беше срушена и тврдината на Ихтиман освоена, а жителите беа подложени на харач. Потоа силите на пашата тргнаа кон Самоков. Кога пристигнаа во рамнината Чамурлу видоа дека неверникот Лазар ги стационирал своите огромни сили во оваа рамнина. Муслиманската војска во однос на непријателот беше малобројна, но со помошта на бога извојува победа. Собирајќи голем плен (пашата) допатува во самоковската провинција. Со милоста на бога и овој рударски крај, богат со железо, беше приклучен кон земјите на блажениот падишах. Потоа Шахин-паша се врати во седиштето на својата управа во Пловдив и отпочна да презема мерки за освојување на околијата на Софија. Грижливо подготви дарови за падишахот, а со прибраниот плен ги вооружи своите војници.

Румелиските беглербегови во тоа време престојуваа во Пловдив, кој беше граничен град. Потоа Лала Шахин-паша, на чело на своите сили тргна кон рамнината Сарујар. Бидејќи жителите на овој крај се покорија и се согласија да плаќаат џизие, пашата тргна кон Софија, изврши ненадеен ноќен напад, го освои градот и кога се раздени ги собра заробениците, добитокот и запленетите имоти и се врати во своето седиште Пловдив.

Овие настани се случиле при крајот на 772 година.[28]) (66-б).

## Заминувањето на султанот во Ќустендилскиот крај

Во пролетта на 773 година[29]) спахиите кои се наоѓаа на граничните предели на Румелија често пати се обраќале до владетелот и го молеле да го посети нивниот крај. Излегувајќи во пресрет на овие молби владетелот тргна кон румелиските земји (67-а). Пашата Лала Шахин беше зафатен со освојувањето, но силите што се наоѓаа во Румелија не беа доволни. Владетелот Константин беше прочуен со своите многубројни војски и спахии, чии наредби секогаш биле почитувани. Провинцијата на Ќустендил, со рудниците за сребро и злато, има најистакнато место. Владателот Константин беше јак и поради тоа не се

[28]) Т. е. во пролетта 1371 год.
[29]) Т. е. во пролетта 1372 год.

покоруваше на ниеден од владетелите што се наоѓаа околу него. Тој се плашеше само од падишахот и знаеше дека ако некогаш биде нападнат од него ќе мора да капитулира. Поради тоа кога пристигнаа силите на султанот Мурат, тој ги дочека со разновидни подароци и предавајќи ги клучевите од својата тврдина, на султанот му укажа извонредна покорност и почит. Затоа му се укажа милост и љубезност и подложувајќи го на џизие и харач му се издаде ферман и понатаму, во својство на валија, да управува со овој вилает. По освојувањето на оваа последна провинција, владетелот се врати во Бруса (67-а).

## Освојувањето на градови со султанска наредба

Мевлана Џендерли Кара Халил, кој порано служел како кадиарскер, се наименува за голем везир, и му се даде прекарот Хајрудин-паша. Именувајќи го за сердар, владетелот му нареди да тргне кон западна Румелија (68-а).

Доделувајќи му таква задача, падишахот наредил да му се придружи и војсководецот Евренос Гази и тоа на чело на спахиските сили. Точно во 775 година[30]) везирот Хајрудин-паша пристигна во Ѓумулџина. За тоа време војсководецот Евренос-беј заедно со другите војсководци ги освои тврдините Борли и Скече (Ксанти) и пристигна околу Марулија. Тврдината се наоѓала под управа на некоја жена, по име Марулија. Бидејќи меѓу неа и управителот на Серес постоеле родбински врски, во почетокот таа се обидела да не се покори, но по извесно време се обратила за мир и се сложила тврдината да биде предадена. (Поради тоа) оваа тврдина се нарекла Аврет Хисар. Потоа сердарот Хајрудин-паша се поклонил пред царската срекна порта и ги предал заробените младичи и девојки — убавици како и огромни количества запленети ковани пари.

Истата година, пред да се консултира со големиот везир, падишахот наредил младиот Дели Балабан да го освои градот Сер. Тој веднаш стапил во акција опколувајќи ја тврдината со јак обрач. Поради ова управителот на Сер не успеал на Марулија да ѝ испрати помош. Владетелот му наредил на пашата Лала Шахин веднаш да оди на помош на Дели Балабан, кој се наоѓал во Сер. Пашата тргнал на пат, но пред да стигне во Сер се задржал и ја нападнал тврдината на Кавала, која веднаш била освоена. По преземањето на сребрените рудници од овој крај, пашата пристигнал и ја окупирал тврдината на Драма. По ова истиот ја освоил и тврдината на Зихне. При крајот на овие победи, пашата тргнал кон тврдината на Сер, која се предала. Потоа на ист начин ја зазел и тврдината на

[30]) Меѓу 23. VI 1373 и 11. VI 1374 год.

Караферија (Бер). По сето ова, точно во 776 година[31]), пренесувајќи богат плен, пашата Лала Шахин се вратил и се поклонил пред мудриот владетел Гази Худавендиѓар.

## Решението на падишахот да ја освои Србија

Падишахот Гази Мурат Худавендиѓар бил известен дека српските неверници вложувале напор за оштетување на муслиманските градови. Поради тоа владетелот наредил да бидат мобилизирани и подготвени огромни сили. Именувајќи го својот син, принцот Јилдирим Бајазид Хан за сердар, и додавајќи му го војсководецот Тимурташ-беј, (68-б) точно во пролетта 777 година[32]) падишахот заминал од Галиполе и бидејќи решил да ги истреби силите на кнезот на Србија Лаз Оглу, продолжил кон српските земји. Дознавајќи за оваа акција, владетелот на Србија упатил апел да бидат евакуирани сите населби; населението да се повлече по високи шуми, окупаторските сили долго време да бидат оставени сами и во пусти населби, да бидат изолирани, така што при настапувањето на зимата ќе бидат приморани да се вратат. Владетелот на Србија имаше план турските сили да бидат нападнати при нивното враќање. Жителите на овој крај се одгласија на овој повик и се повлекоа по височите на непроодните планини. Муслиманските сили пристигнаа во Србија и навистина цели четири месеци останаа и се движеа во евакуирани пусти градови и села. Не наидувајќи на живост и радост, припадниците на турските единици навистина беа соочени со разновидни тешкотии и незгоди. Консултирајќи ги своите везири и војсководци, на крајот падишахот нареди да биде освоена тврдината на Ниш, која веднаш беше опколена. Се водеа жестоки борби. Жртвите на двете страни беа огромни. При крајот беше речено дека победата е на прагот, и навистина за кратко време тврдината беше окупирана. Муслиманските воини запленија скапоцени имоти, падишахот доби многу драгоцености и заробени младинци и младинки. Огромните количества од запленетата пченица и јачмен беа употребени за исхрана на спахиските сили; на нивните коњи, и на другиот добиток. Известен за освојување на нишкиот вилает, владетелот на Србија Лаз Оглу се вознемири и испраќајќи трогодишен харач се обврза секоја година да испраќа по 50 оки сребро. Испраќајќи подароци до сите везири и државни функционери, владетелот на Србија се обврза да плаќа харач. Враќањето на српскиот кнез беше одобрено. По средувањето на приликите во новоосвоената нишка тврдина, падишахот замина за Бруса на зимување. (69-б).

---

[31]) Меѓу 12. VI 1374 и 1. VI 1375 год.
[32]) Меѓу 2. VI 1375 и 20. V 1376 год.

## Освојувањето на провинцијата на Сосмонос

Точно во 779 хиџретска година[33]) владетелот султанот Мурат реши за престолонаследник да го именува својот сакан син Јилдирим Хан (69-а). Ставајќи се на чело на своите сили, а со намера да ги освои провинциите на Никопол и Силистра, падишахот замина од Галиполе. Управителот на двете провинции, Шишман (Сосманос), веднаш ги собрал ајаните на овие тврдини и се консултирал. Се решило да се согласат со плаќање на џизие и поклонувајќи се на падишахот, однапред му испратиле тригодишен харач. Му беше потврдено управителството над овие провинции и му се издаде царско ахдname но под услов секоја година да подготвува свои воени сили и да служи таму каде што ќе му одреди падишахот. Потоа заминувајќи во Одрин, владетелот се посвети на средување приликите во Румелија. Како прво, на прочуениот емир Тимурташ-беј му го повери беглербегството на Румелија. Бидејќи беше мудар и активен војсководец, вешт и способен командант, споменатиот Тимурташ-беј презеде низа мерки за јакнење на воениот потенцијал на своето беглербегство. Една од овие мерки беше создавањето на војнуците. Во време на владеењето на немуслиманските владетели војнуците биле воена формација. По заземањето на румелиските земји, припадниците на овие формации не сакале да го носат понижувачкиот назив-раја. Организирани во посебни формации војнуците биле задолжени да служат како прислуга во турските воени единици. Со ова војнуците се разликувале од зиммиите, и на таков начин биле задоволени. Војнуците станале голема формација, чии припадници и во воено и во мирно време служеле во дворските штали. На секој војнук му била доделена по една баштина и тие биле ослободени од секакви вообичаени давачки како ушур и др. Но место плата, војнуците биле ослободени од ушур и од другите давачки (69-б). Втората преземена важна мерка од Тимурташ-паша била организирањето на тајфата на спахиските синови. Спахиите, кои паѓале во борбите, ги наследувале способни машки деца, кои можеле да ги достигнат функциите на своите татковци или да ги надминат. Споменатиот Тимурташ-паша, прибирајќи ги синовите на спахиите, создал одред од спахиски синови наречен Сипахи оглани булуги и за одредот составен од овие младинци, одреди место близу царскиот санџак. Беглербегот Тимурташ-паша издаде многу вакви закони, со што го зајакна столбовите на државната управа.

[33]) Меѓу 10. V 1377 и 29. IV 1378 год.

## Освојувањето на Прилеп и Битола, обложувањето харач врз населението на Штип и Карли и пљачкосувањето на местата околу Солун

Беше хиџриска 784 година[34]), кога владетелот издаде наредба беглербегот на Румелија Тимурташ-паша, на чело на своите сили да тргне за освојување на градовите Прилеп и Битола (Манастир). Пашата успеа (тврдината) на Прилеп да ја освои по мирен пат, а битолската тврдина беше освоена по пат на сила. Потоа пашата нападна врз штипскиот вилает и Карли, каде што жителите веднаш се обврзаа да го плаќаат харачот. По овие успешни акции беглербегот Тимурташ-паша тргна кон Солун. Бидејќи за освојување на овој град биле потребни огромни сили, пашата не нападна на Солун туку на околните градови и села, при што кон покорните беше љубезен и добродушен а оние што се инатеа, беа опљачкани. Овие воени акции го истакнаа херојството на споменатиот Тимурташ-паша, кој потоа стана прочуен во сите немуслимански земји. Прибраниот плен заедно со фатихнамата, беа испратени во царскиот двор (72б).

## Освојувањето на Софија

Силите на пашата Лала Шахин, неколку пати напаѓаа на софискиот вилает, но само околните места на Софија паднаа во рацете на муслиманските борци. (74-а). Тврдината на овој град не беше освоена, беше чувана од страна на српските војници, а командантот даваше отпор и деноноќно преземаше разни мерки за одбрана. Софија беше град каде што се собирале немуслимански владетели и поради тоа муслиманските сили не се залагале многу за освојувањето на овој град. Бидејќи климата и природните убавини, пријатноста на воздухот и вкусноста на водата на оваа провинција биле многу погодни, а градот одговарал да биде собиралиште на центар на разновидните акции на османлиските спахии, на крајот биле преземени мерки за освојување на градот и на провинцијата.

Во тоа време кај муслиманите се наоѓаше еден нов муслиман, кој како специјалист за доганџиство често го посетувал управителот на Пловдив Инџе Балабан. По некое време тој исчезнал од муслиманската средина, допатувал во Софија и почнал да му служи на софискиот управител. Бидејќи бил добар ловец, по некое време се спријателил со управителот и успеал да стане негов најблизок пријател (74-а). Заљубеноста на управителот во ловот беше повод споменатиот да стане негов доверлив човек. Еднаш управителот и доганџијата останале сами и двајцата тргнале по некаков дивеч. Се оддалечиле од

---

[34]) Меѓу 17. III 1382 и 5. III 1383 год.

другите придружници на управителот и останале сами. Доганџибашијата мислел дека не може да најде поубав лов и ненадејно се нафрлил врз управителот, го врзал, го качил на коњот и преку планинските височини, заедно со (скапоцениот лов) пристигнал во Пловдив каде што го предал на раководството на муслиманските воени сили. Порано, кога овој доганџија избегал, мнозина од неговите познајници зборувале дека се одрекол од исламската вера. По овој успех, доганџијата си ја докажал верноста и станал еден од најзаслужените муслимани.

По овој настан управителот на Пловдив Инџе Балабан се стави (на чело на своите) сили и тргна кон Софија, водејќи го и заробениот управител. Кога тврдината (на Софија) беше опколена и кога непријателските сили дознаа дека нивниот управител се наоѓа во рацете на муслиманската војска, ја отворија вратата на тврдината и се предадоа. По освојувањето, (градот) Софија стана центар и беше одреден за седиште на румелиските беглербегови. (74-б).

## Бунтовничката дејност на српскиот кнез Лазар

Падишахот наредил да бидат казнети неколкумина припадници на српските војски кои учествувале во походот на Караман поради нивното некоректно држање спрема рајата. Бидејќи наредбата била извршена и бидејќи припадниците на српските воени сили не можеле да поднесат такво навредување се вратиле и се жалеле на своите раководители. Ова предизвикало српското раководство да го откаже плаќањето на харачот и да се побуни. Силите на кнезот Лазар дури нападнале некои провинции на исламската територија. Дознавајќи за овој бунт на кнезот Лазар, точно во 789 година[35]), падишахот испратил цела армија од 20.000 коњаници на чело со пашата Лала Шахин. Кнезот се исплашил, се разочарал и се обратил до соседните немуслимански земји за помош. Тој испратил посебен човек со писмо до кралот на соседна Босна од кого побарал да му испрати помош. Кралот одговорил позитивно и критикувајќи го кнезот за неговата дотогашна политика спрема Турците, му го напишал следното: „Зошто се согласи да плаќаш харач? Зошто го потцени христијанскиот свет? Зошто порано не извести дека ти била потребна помош? Јас бев во состојба и тогаш да ти помогнам. Сите сме должни да ја сочуваме честа на верата и Исус Христос". Кралот се обврза да испрати помош. Притоа босанскиот крал го убеди и управителот на провинциите на Јанбол и Никопол кој плаќаше џизие како и

---

[35]) Меѓу 22. I. 1387 и 10. I 1388 год.

управителот на Скадар, кој ги откриваше своите непријателски чувства (77-а). Последниов со лицемерни акти успеал да ја стекне довербата на пашата Лала Шахин. Тој се обврза во овој поход да послужи и како предводник на муслиманските сили кон Босна, во собирањето на пленот и враќањето.

Силите на Лала Шахин пристигнаа во Босна, нападнаа една нахија, заробија луѓе, опустошија и собраа богат плен. Тогаш лицемерниот управител на Скадар ги извести непријателските сили, кои броеја триесет илјади војници и се наоѓаа во заседа. Ги поттикна велејќи им: „Треба да го исползувате овој погоден момент". Пашата Лала Шахин се одмараше во некое место, околу него имаше само 1.000 борци, додека останатите сили биле растурени по околните места и прибирале разновиден плен. Ползувајќи ја ваквата положба непријателот нападна на малобројните сили, на кои не им одговараше лошиот кршовит терен. Бидејќи двобојот се случил во планинско место, каде што текле реки, и каде што не можеле да се движат коњи, муслиманските сили биле тешко поразени. Одвај се спасил и пашата Лала Шахин. По жестоката битка од 20.000, се спасиле само 5.000 борци (77-б).

## Најголемата војна на Гази Султан Мурат

Падишахот Гази Худавендиѓар беше револтиран од честите напади на муслиманските територии, од страна на околните немуслимански владетели и управители, а особено по поразот на пашата Лала Шахин, од страна на кнезот на Србија, Лазар, кралот на Босна и управителот на албанскиот Скдар. Падишахот, мислеше дека е важно и неопходно казнувањето на овие дволични непријатели. Поради тоа, владетелот во хиџриската 791 година[36]) замина во Пловдив, и реорганизирајќи ги своите сили се подготви во почетокот на пролетта да тргне кон непријателските немуслимански земји. Зимата измина и настапија првите денови на пролетта. Кога владетелите на околните христијански земји дознаа за големите подготовки на падишахот се обеспокоија. Особено српскиот кнез Лазар не мируваше, и испраќајќи свои пратеници до сите соседни христијански кралеви и владетели бараше да му биде дадена секаква помош како би им се спротивставил на турските завојувачи. Кнезот во своите писма ги предупредуваше владетелите дека она што денеска нему ќе му се случи утре ќе им се случи ним, треба да биде сочувана честа на христијанството зашто било важно одземањето на освоените територии и нивното враќање на претходните христијански управители. (79-б).

---

[36]) Меѓу 31. XII 1388 и 19. XII 1389 год.

Кнезот Лазар и пред поразот на Лала Шахин беше поттикнуван и охрабруван од кралот на Босна, порадишто и се побуни. Кнезот се наоѓаше под негово влијание. Кога силите на пашата Лала Шахин беа поразени вообразениот крал стана уште погорделив. Веднаш по обраќањето на кнезот за помош, кралот на Босна ги организира своите сили и ги подготви за движење. Потоа своите сили ги организираа и владетелите на Унгарија, Влашко, Албанија, Молдавија, Полска и Чешка. Спремните сојузнички сили броеја преку 200.000 луѓе. По извршувањето на сите подготовки, во Пловдив пристигна пратеникот на вооружениот кнез, кој се осмели во насловот и испратеното писмо до падишахот да напише „Брате“!. Покрај ова кнезот во писмото го напишал и следното: „Ние се подготвивме. Подгответе се и вие. Дојдете навреме. Постапете машки и доведи ги твоите синови“! Пратеникот на кнезот беше примен од падишахот и му беше укажана чест. Љубезно беше прашан за здравјето на кнезот Лазар. Одговарајќи на писмото падишахот му рече: „Решен сум, ако даде возвишениот бог, во почетокот на пролетта да отпатувам од својата резиденција, покрај своите сили во мојата придружба ќе бидат и двајцата мои синови. Имам намера да водам најкрвава битка за процвет и сјај на мојата вера и религија. Важно е во почетокот на пролетта да се соочиме со нашиот брат неверник и тоа на Косово. Ќе се реши како шо одлучил севишниот бог. Кажете му на кнезот нека се подготви и нека не жали труд и напор“!

И по втор пат падишахот му укажа посебна чест и се раздели со пратеникот на кнезот Лазар, кој веднаш потоа се врати.

Во меѓувреме владетелот ги повика двата свои синови и издавајќи ферман побара управителот на Кастамони, Исфендијар-беј, управителот на Гермијан Јакуб-беј, а покрај нив и управителите на Сарухан, Ментеша, Ајдин Или и Хамид Или, како и покорените немуслимански управители од некои провинции, веднаш, на чело на своите трупи да тргнат на пат и без никакво одлагање да пристигнат во Пловдив и да се придружат на царската армија. Како резултат на овие вложени напори за обезбедување славата на исламската вера и религија, за кратко време, како од анадолските, така и од румелиските земји, пристигнаа безброј борци и одреди, и ѝ се придружија на царската славна армија (80 б.).

### Тргнувањето на падишахот (кон боиштето) и доаѓањето на пратеникот на немуслиманската армија

Настапија првите девнови на пролетта со што настапи и времето на походот, но тогаш надојде реката Марица (80 б.). Поради тоа владетелот беше принуден уште неколку дена да

престојува во Пловдив. Во меѓувреме синот на Тимурташ-паша, војсководецот Јахша-беј беше именуван за раководител на 5.000 борци — беше испратен во граничниот појас спрема Србија, т.е. во провинцијата на Шехир Ќој (Пирот). Тој кога пристигна, собра богат плен, го обиколи сиот крај и се врати. За ова бил известен кнезот, кој веднаш упатил 15.000 војници. Тие се вратиле разочарани бидејќи турските трупи веќе се наоѓале во своите бази. Силите на двете страни беа добро подготвени. Падишахот издаде наредба за движење и (заедно со армијата) тргна на пат и допатува во Ихтиман. Намеравајќи пред непријателот да стигне на бојното поле, по кратко задржување тој тргна кон боиштето. Кога армијата пристигна во Ќустендил, беше дочекана од управителот на оваа провинција Константин, кој предавајќи ги своите скапоцени подароци се поклони пред падишахот и веднаш, со сите свои трупи, им се приклучи на победоносните сили. Бројот на муслиманските воени сили беше знатно помал од непријателот. Бројот на муслиманските борци, во однос на непријателот, беа само една четвртина. Но и покрај тоа, кога во редовите на непријателот се прошири веста дека османската армија се наоѓа на пат, и е во непосредна близина споменатите беа зафатени од страв и ужас. Потоа потресени од оваа информација, тие се собираа и одржаа верски обред и церемонии. Некои од раководителите на непријателската армија предложија веднаш да се излезе на боиштето. Некои од нив бараа да биде испратен пратеник, кој би го предизвикал и предупредил турскиот владетел, и кој притоа би ги проценил силите на турската армија. На крајот беше испратен пратеник со писмо, во чија содржина се омаловажувал турскиот падишах. По пристигнувањето на пратеникот, тој беше сослушан. Тој не се воздржуваше од предизвикувања и крути предупредувања за последиците на војната (80 б). Изнервираниот владетел наредил на пратеникот да му биде овозможено да ги види силите на армијата, кој потоа, пред султанот рече: „Ако со силите што ги видов сакате да не исплашите, треба да знаете дека ние располагаме со десет пати поголема армија“. Предизвиканиот султан одговори: „Муслиманските сили секојпат биле малобројни, но секогаш победоносни. Досегашните настани потврдуваат дека мал број квалитетни муслимани секогаш извојувале сјајни победи и тоа над десетпати поголеми армии. На вашите кралеви и владетели кажи им добро да се подготват. Победата ќе се види само на Косовската рамнина“. На пратеникот му беше дозволено да се врати. Веднаш потоа падна наредба исламските сили да тргнат на пат кон целта.

## Советувањето на султан Мурат

Армијата се приближуваше до непријателот (81а). Ползувајќи еден краток престој на патувањето, владетелот ги консултира своите воени советници и раководителите. Собирот се одржа пред царскиот диван. Владетелот се обрати до Гази Евренос-беј и побара да го изложи своето мислење за начинот на војувањето. Овој се заблагодари на семоќниот бог и рече: „Моментот на војувањето со непријателот е близу. Важно е да се стигне на боиштето пред непријателските сили и да се избере погоден положај. Потоа треба веднаш да отпочнеме со дејствување. Важно е главниот напад да не отпочне сè додека непријателот не се растури и не ги смеша своите редови, бидејќи не е лесно да се скрши отпорот на еден таков јак железен кордон. Треба да се чека да се појават пукнатини во кордонот и да отпочне нападот (81а). Мислам дека на ваков начин непријателот може да биде поразен".

Предлогот на Евренос-беј се усвои и тие се обврзаа да се постапи спрема овој план. Се раздени и армијата тргна кон непријателот. Биле одредени и испратени извиднички трупи на чие чело се наоѓаа споменатиот Евренос-беј и пашата прочуен со името паша Јигит, кои движејќи се како претходница наидоа на некој планински дервен чуван од 30 силни и способни дервенџии. Бидејќи истите не дозволија премин, се укажа потреба за применување со сила. Помеѓу другите старешини тука се наоѓаше и Гази Евренос-беј, чија стрела, сигурно го погодуваше или коњаникот или неговиот коњ. Тогаш тој истрела на еден од мухафизите и го усмрти. По пристигнувањето на другите извидници се отпочна битка, каде што беа ликвидирани осум дервенџиски мухафизи, неколкумина побегнаа, а неколкумина беа заробени и доведени пред царскиот диван. Споменатите Евренос-беј и паша Јигит го преминаа дервенот и реката Морава и дојдоа на територијата на една каза, каде што слободно маршираа, а непријателските сили се воздржуваа од напаѓање. Потоа, падишахот заедно со принцот Јилдирим Хан, се качи на едно високо место; ги процени силите на непријателот и дојде до заклучок дека бројот на муслиманските трупи е петпати помал од непријателските. Со цел да бидат преземени потребни мерки беше одржан состанок на функционерите на армијата. Некои од нив предложија камилите да бидат ставени во првиот ред, зашто од нив коњите на непријателот би се исплашиле и растуриле и би настапил погоден момент за изведување на општиот напад. Тогаш принцот Јилдирим Хан рече: „До сега во кој и да е бој не сме се служеле со измама, туку сме се потпирале на севишниот бог. Мислам дека и овој пат треба да вложиме извонреден напор; да се бориме и да се надеваме на пораз на непријателските сили и извојување славна

победа. Падишахот ја потврди мислата на принцот и го благослови (81б). Принцот беше поддржан и од војсководецот Али-паша, кој рекол дека со цел да му се претскаже го отворил коранот и му паднал ајетот: „Посланиче! Бори се со неверниците и лицемерните“ и поради ова се надевал на божја милост спрема муслиманските спахии. Падишахот се развеселил од ова претскажување и му се заблагодарил на семоќниот бог. Тогаш прозборел и везирот Тимурташ-паша. „Изведувањето на камилите во предните редови може да има позитивни резултати, но треба да го имаме предвид и обратниот ефект. Непријателот располага со топови и пушки. Ако на камилите биде употребено ова огнено оружје тие може да се исплашат со што би бил предизвикан неред во нашите редови. Поради тоа сметам дека треба да се потпреме на милоста на севишниот бог; да се надеваме на помошта на божјиот пратеник; да го вложиме сиот можен напор и да стапиме во борба. Сметам дека само на таков начин може да биде извојувана победа и непријателот да биде поразен“.

Падишахот со посебно задоволство го благослови пашата и беше усвоено едногласно решение за начинот на распоредувањето на трупите. Утредента беше пристапено кон средувањето на редовите на армијата и положајот на боиштето.

## Молитвата на падишахот

Беа настапиле вечерни часови (82а). Беше решено утредента да биде извршен сестран напад. Тогаш отпочна да дува силен ветар. Боиштето беше прашлива рамнина. Земајќи ја предвид критичната положба на своите трупи владателот беше вознемирен. Падишахот се плашеше силниот ветар да не дува во лицето на неговите трупи и да не им ги запраши очите на спахиите. Падишахот беше вознемирен и поради бројната положба на непријателската армија. Поради сето ова владетелот се повлече во својот шатор, каде што во самотија се обрати до семоќниот бог. Признавајќи ја својата немоќ, владетелот се почувствува како ниско битие на створителот. Ставајќи го челото на земјата и извршувајќи го исламскиот најважен обред, падишахот се поклони на севишниот, заплака и ги упати своите најискрени молитви за укажување помош и милост на муслиманската армија. Меѓу другото падишахот замоли да заврне дожд, со што би исчезнала прашината, која на муслиманските борци може да им оневозможи извојување на победа. По долготрајни, опширни и разновидни молитви, кои беа следени со плач, владетелот заспал и сонувал дека од небото дошол некој ангел, кој располагал со дождовите. (83а). Тој известил дека сите негови молитви и барања биле земени предвид; дека

11*

му биле отворени небеските врати и дека сите невидливи сили ќе му пристигнеле на помош. Потоа владателот се разбудил и повторно се поклонил на семоќниот сторител. Тогаш заврна убав дожд и правот кој го вознемируваше падишахот исчезна од површината на бојното поле. Така падишахот се увери дека молитвата му е удоволена и остана со надеж дека ќе му биде укажана божја милост и ќе му се оствари целта.

### Распоредот на муслиманските сили

Штом кралевите на немуслиманските сили беа го одредиле денот за отпочнување на непријателствата, падишахот почна да се занимава со распоредувањето на армијата (83а). Принцот Јилдирим Хан беше го именувал за сердар на десното крило, а за помошен кадар на крилото го распоредил војсководецот Саруџе-паша и неколку други прочуени раководители. Вториот син, принцот Јакуб Челеби го назначи за сердар на левото крило на армијата заедно со војсководците Инџе Балабан, Дерџа Балабан и неколкумина други истакнати и способни бегови. За сердар на помошните сили на десното крило го одреди војсководецот Евренос-беј, а за сердар на помошните сили на левото крило Инебеј Субашија. Двајцата војсководци беа вешти и испробани бегови. Сите исламски владетели и управители, кои учествуваа во овој победоносен поход беа распоредени на положаите десно и лево од султанот, кого го опколија како ѕвездите-месечината. Чаушите на Високата порта ги средија редовите и ги припремија. (83б). Големиот везир Али-паша и војсководецот Тимурташ-паша ги заседоа своите места, од левата и десната страна на падишахот, и се зафатија со распоредување на одредите и на единиците. Јаничарите беа наредени пред падишахот. Топовите и топчиите беа сместени на вообичаените погодни места. Потоа сите војни потреби беа натоварени на камили кои едни до други беа наредени зад војните единици. Со густиот ред од камилите беше направена јака тврдина. За чување на овие потреби беа одредени 2.000 борци, вооружени со стрели, кои биле оставени зад камилите. Покрај овие и на десното и на левото крило беа додадени по илјада борци, стрелци, од кои беше побарано непријателските сили да ги опсипуваат со стрели (83б).

### Распоредот на непријателските сили

Кнезот Лазар ги собрал своите воени единици и рекол дека ако некој од нив успее да го зароби турскиот владетел тој ќе му поклонел десет тврдини и ќерка му, а кралот на Босна ветил дека ќе му даде пет тврдини. Покрај кнезот и босанскиот

крал, нешто ветиле и другите владетели, учесници во овој поход. Внукот од брат на кнезот Лазар, прочуениот В'лк Оглу, кој бил познат со својата храброст, кралот на Босна и владетелите на Молдавија, Влашко и Албанија се обврзаа секој да изврши посебен жесток напад и да вложат секаков можен напор во спротивставувањето на турскиот падишах. Додека владетелот и главниот командант на муслиманските сили преку целата последна ноќ се обраќале со молитви до семоќниот бог за милост; седумте кралеви, кои се наоѓале во непријателските сојузнички сили се занимавале пак со своите вообичаени нечесни дела: пиеле, се пијанчеле, биле вообразнени и се фалеле. Синот на кнезот Лазар кој верувал во својата вештина и во оправданоста на своите предлози, се обратил и побарал уште таа ноќ да се изврши ненадеен ноќен удар, бидејќи бројот на муслиманските сили бил помал (83б). Според неговите зборови било осигурано дека по таков напад турските трупи ќе бидат растурени и поразени а преживеаните ќе ги зафатело панично бегство. Мнозина од непријателските раководители го прифатиле овој предлог. Тогаш зел збор војсководецот Ѓоргија, кој раководел со 50.000 непријателски војници и рекол дека во случај на таков напад повеќе турски сили ќе ја искористат ноќната темнина и ќе најдат начин за бегство; дека не треба да биде пропуштен приготвениот лов и дека е важно овците од доведеното стадо да не бидат пуштени да се вратат живи и здрави. Дали на христијанскиот народ некогаш му била дадена ваква прилика? Според неговото мислење нападот требало да биде одложен до разденувањето; да се борат дење и да не дозволат некој да се спаси жив и здрав.

Со овие зборови споменатиот ги убедил вообразените пијани кои се одрекле од ноќниот напад. По разденувањето непријателските раководители ги подредиле своите воени единици и на секое важно место одредиле по еден прочуен војсководец. Синот на кнезот Лазар еднодушно бил назначен за командант на централните сили, внукот по сестра за сердар на десното, а кралот на Босна на левото крило. Првенците на Унгарија, Влашко, Молдавија и Албанија биле распоредени во крилото на Чешка. Потоа воените редови биле снабдени со сите потреби.

Непријателот бил вообразен и уверен дека победата сигурно ќе се извојува. Поради тоа на секој коњаник му било дадено по едно јаже за врзување на заробените муслимани и тие се надевале дека нив ќе ги продадат во западно-европските земји за скапи пари со кои ќе купеле сребрени чаши од каде што пак ќе пиеле вино. Меѓу нив се наоѓал некој комичар, кој по овие фалби рекол: „Досега многупати муслиманите ги врзувале заробените христијански војници, но никогаш никој не чул дека христијаните врзувале заробени муслимани. Ми се чини дека овие ортоми ќе послужат за врзување на оние кои

ѓи подготвиле". Резултатот од Косовската битка покажа дека овие ортоми биле приготвени за врзување на заробениците од непријателската армија (84б).

## Победата на Гази Султан Мурат

По средувањето на единиците на армијата, а по наредба на падишахот, борбата ја отпочна војсководецот Хаџи Евреносбеј, кој нареди непријателот да биде опсипан со стрели. Нападот беше многу жесток. Еден дел од непријателската армија се растури. Првите жртви беа огромни. Но многубројните полкови на непријателот, во јуриш напредуваа кон левото крило. По жестокиот краткотраен бој, непријателот ги принуди муслиманските сили да се повлечат при што муслиманските и христијанските трупи се смешаа. Непријателот напредуваше и стигна до тврдината составена од товарените камили, преку кои никако не успеа да помине. Тогаш ѕвечеа само сабји. Се водеше жестока и крвава битка. Жртвите на двете страни беа огромни. Кога принцот Јилдирим забележа дека левото крило се наоѓа во критична положба, веднаш скокна во борба да помогне на левото крило на муслиманските сили. Кога го видоа пристигнувањето на Јилдирим Хах во помош, воените единици на левото крило повторно живнаа. Принцот Јилдирим направи удар, сличен на огин и гром и не дозволи непријателот да ги отвори очите. Жестината на ударот и на борбите во овој момент беше неопислива. Херојските напади на принцот Јилдирим станаа пример што ги охрабри очевидците, т.е. емирите, раководителите на спахиските сили и другите сердари на муслиманската армија, кои земајќи ја предвид критичната положба на принцот Јилдирим Хан се фрлија во борба со хероизам и извонредна пожртвуваност. Со повикот „Денес е нашиот ден" во борба се фрлиле и војсководците Гази Евреносбеј, синот на Тимурташ-паша, Јахша-беј, Лала Шахин, Иса-беј, Саруџе-паша, Ине-беј Субашија, Кара Мукбил, Инџе Балабан, Дерџа Балабан, Ширмерд Субашија, Мустеџаб Субашија и другите раководители на спахиската војска. Кога овие се фрлија во боиштето настапи најкритичниот момент за судбината на непријателските сили и за нивните раководители. Извршениот удар и укажаната храброст беа извонредни. Тогаш седумте кралеви, кои управуваа со непријателската армија и кои порано мислеа дека се ламја со седум глави, почнаа да бараат начин за спасување на своите драгоцени животи и некое засолниште. За многу кратко време се пролеа цела река непријателска крв. На врвот на секое копје од секој муслимански борец се наоѓаше по една непријателска глава. Тогаш во редовите на непријателските сили се појави безредие и паника. Разновидните не-

пријателски знамиња кои се виореа, за кратко време исчезнаа од бојното поле. За краток период огромниот сојузнички собир и невидената непријателска армија беше поразена. Наместо живите, на боиштето останаа мртви и секој муслимански војник зароби по неколкумина врзувајќи ги со јажињата што беа подготвени за заробените муслимани. Така се обвистини изговореното од комичарот, кој се шегуваше со христијанските сили. Кратко речено, жртвите на непријателот во оваа битка беа огромни. Еден дел од непријателските коњаници одвај побегна и се спаси од сабјите на муслиманската армија. Заробените немуслимански владетели беа доведени и предадени на падишахот Гази Худавендиѓар. Ова стана во времето помеѓу икиндија и првите вечерни часови (85а).

## Убиството на султан (Мурат)

По извојувањето на победата султанот Мурат многу се израдува и беше задоволен (85б). Бидејќи го доживеа денот на тоталниот пораз на оваа огромна непријателска армија, беше убеден дека му се удоволија порано упатените молитви до севишниот бог. Поради тоа и по втор пат се поклони на семоќниот сторител. Но падишахот мислеше дека му се удоволени само двете негови желби. Упатувајќи ги своите најискрени молитви падишахот, како роб и грешник, се обрати до севишниот со своите три желби. Првата беше заврнување на дожд, втората — извојување на полна победа и третата — да му подари маченичка смрт за својата вера, како би го добил славниот назив „шехид“. Бидејќи ги проживеја деновите на двете свои желби, падишахот беше радосен, но не можеше а да не почувствува и тага, зашто третата желба не му беше удоволена. Потоа по чудна случајност падишахот го доби звањето „шехид“.

## Подробностите за овој настан

Некои од седумте владетели, кои раководеа со непријателската армија, беа убиени, некои заробени, а некои пак побегнаа од бојното поле. Двајцата принчеви и повеќе воени функционери на османските сили трагаа по растурените непријателски војници и беа оддалечени од боиштето. Падишахот беше расположен и шеташе по боиштето каде што лежеа лешевите на убиените и згазените непријателски војници. Тогаш се дигна еден христијанин, кој лежеше меѓу убиените, и плачејќи изговори дека поминал во исламската вера, дека имал некоја тајна и дека тоа треба да му го каже на владетелот. Поради тоа барал да му биде укажана милост и да биде доведен пред него-

вото величество. Чаушите не обрнале внимание на неговото барање кој и понатаму молел и го повторувал своето барање. Ова му се пренесе и на падишахот, кој поради хуманиот карактер наредил да биде доведен. Молителот беше непознат (85б). По извршеното дело се откри дека тој бил еден од седумте владетели кои раководеле со непријателската архија, дека бил „бан" на некоја провинција и дека се викал Милош Никола[37]). Споменатиот бил ранет од некој муслимански војник, бил соборен од неговиот коњ и оставен жив меѓу мртвите. Кога споменатиот го забележал движењето на падишахот и на неговите војсководци и чауши решил да не биде заробен и понижен, да го докаже своето јунаштво и зад себе да остави име кое ќе се споменува до последниот ден на овој век. Мислејќи да го одбегне понижувачкото ропство и да си обезбеди слава, тој стана и побара да биде доведен пред падишахот. Целта на неговото величество беше укажување на хуман гест бидејќи според неговата оценка молителот бил некој немоќен сиромав. По издадената наредба да се доведе и кога се приближи да ги бакне нозете на владетелот, наеднаш го извади отровниот нож, што го сокрил во појасот и удирајќи го во стомакот, на падишахот му зададе смртоносна рана. На ваков начин злосторникот ја спечали бараната слава. Раната беше неизлечлива. По овој злосторнички акт, падишахот беше радосен бидејќи му беше исполнета и третата желба. Со ова и славното име на неговото величество беше запишано во списокот на оние, кои ги жртвувале своите животи за славната исламска вера. Тогаш пристигна и принцот Јилдирим Хан, кој за последен пат во животот, на својот родител му ја бакна раката. Неговото величество му го повери престолот на османлиските земји, го благослови и го советуваше. По кратко време падишахот изговори „келимеси шехадет"[38]) и ја испушти својата милостива и племените душа. По извршувањето на злосторничкиот акт Милош беше убиен и распарчен. По убиството на султанот Мурат, сите христијански пратеници кои требале да се поклонат пред падишахот биле фаќани за рацете од капуџибашиите на Дворот и секогаш на ваков начин биле доведувани пред царскиот престол.

По смртта на падишахот пристигна и помладиот принц Јакуб Челеби, кој, трагајќи по остатоците на непријателот, беше оддалечен од бојното поле. Врз основа на донесеното решение од новиот падишах и од функционерите на највисокото тело на османлиската власт, а со цел падишахот да остане сам на својот престол и државата да биде сочувана од расцеп, принцот, споменатиот Јакуб Челеби, беше погубен. Ковчезите на

---

[37]) Во текстот е јасно напишано Милош Никола на место Милош Кобила.

[38]) „Нема друг бог освен Алах, а Мухамед е неговиот пророк".

посмртните останки на двајцата шехиди, т.е. на таткото и на синот беа пренесени во Бруса. Се вели дека убиството на султанот Мурат било извршено на 4 рамазан 791 година[39]) (86б).

## Освојувањата на султанот Јилдирим Бајазид во Румелија

Пред да ги освои тврдините кои се наоѓале во Анадолија падишахот Јилдирми Хан решил да ја освои територијата на кнезот Лазар, од каде што воените сили би се вратиле со богат плен. Доверувајќи ја оваа важна задача на војсководецот Тимурташ-паша за кратко време, покрај кратовскиот рудник и провинциите што му припаѓале биле освоени и други рудници и поголемиот дел од територијата со кои управувал споменатиот кнез. Некои места биле и ограбени. По некое време, пренесувајќи огромно количество од воениот плен, пашата допатува во Високата порта. Во меѓувреме Скопје и околните места беа доделени на истакнатиот и познатиот емир Паша Јигит, кој се задолжи со освојувањето на некои места во тој крај. Извршувајќи ја доверената задача тој се врати со огромни количества запленети разновидни имоти ... Војсководецот Евренос-беј пак беше испратен во седиштето на својата управа, градот Сер. Во меѓувреме и тој ги освои тврдините на Воден и Четеруз, се врати во Бруса и обрнувајќи се до падишахот, му ги предаде донесените подароци. Собраните имоти падишахот ги потроши за хумани цели и тоа ѕоѕида циновска џамија и медреса. Изгради и еден долг канал со високи ќемери што проаѓа низ планина по кој тече вода, доволна за три воденички камења и за неколку чешми во секое маало. Така тој го снабди градот со вода. Изгради и едно завие за дервишите на шејхот Ебу Исхак (90б).

## Женидбата на султанот Јилдирим Хан со сестрата на В'лк Оглу и оддавањето на владетелот и на неговиот везир кон расипништво и неморал

Војсководецот Тимурташ-паша ги окупирал поголемиот дел од територииите што се наоѓале под управата на кнезот Лазар. Земајќи ја предвид непобедивоста на султанот Јилдирим Хан, владетелот В'лк Оглу, кој беше еден од најистакнатите христијански владетели, се обврза да го плаќа џизиетото, се покори и извршувајќи секаква поставена задача се спријатели со падишахот. Споменатиот Влк Оглу имаше многу убава сестра.

---

[39]) 27. VIII 1389 год. Во датата згрешил за два месеца бидејќи Косовската битка била во јуни, а не во август.

Со цел да ги одржи пријателските врски неа му ја испрати на падишахот. Влк Оглу се обратил до сестра си велејќи ѝ: „Ако султанот е љубезен спрема тебе и ако бидеш негова миленица, сакам да инсистираш да ми бидат дадени тврдините на Смедерево и Ѓуверџинлик; да гарантираш дека ќе се покорувам, дека верно ќе служам и дека нема да го осрамотам“ (93 б). Таа кога пристигнала во царскиот двор, падишахот лудо се вљубил во неа, се повлекол од секаква државна работа; отпочнал денонокно, да се забавува со неа и заборавајќи ја забраната на севишниот почнал денонокно да пие. Понекогаш се каел и се обидувал да се откаже од овој грев, но кога се состанувал со неа бил принуден да ја удоволи желбата на својата љубимица. Под нејзино влијание падишахот денонокно бил пијан.

Еден ден неговото величество се состанало со големиот везир Али-паша и му рекол дека пијанчењето не доликува на нивните семејства, но тој не можел да се откаже бидејќи српската убавица била љубителка на алкохолот. Нечесниот муфтија Али-паша одговорил дека пиењето не било важно; важно е владетелот да има цврсто убедување, да биде справедлив и да има добар карактер.

Везирот Али-паша бил добар научник, но не и човек со цврст карактер и морал. Освен потстрекнувањето — падишахот да тргне по патот на алкохолот, големиот везир му рекол дека на неговото величество, покрај виното му се неопходни и весели младинци и убавици како трендафили. И везирот често учествувал во пијанчење и одобрување секаков акт на неморал. Се вели дека употребувањето на млади момчиња по амамите во Румелија било воведено за времето на Али-паша (94а). Неморалните и расипничките акти на падишахот и на неговиот везир се ширеа помеѓу сите емири и везири, стари и млади.

Поради сето ова се ширеше корупција и развратништво. По овој пат тргнаа сите функционери, па и кадиите. Се отвори вратата на подмитувањето. Дури тогаш владетелот се разбуди од сонот на небрежноста. Се воведе јака контрола. Неколцината чесни кадии беа именувани за ревизори и контролори, како во Румелија така и во Анадолија. Пред падишахот беа доведени 80 кадии врзани со синџири. За секој од нив била одржана судска расправа и беа осудени на смрт за да ги надоместат сите нанесени штети. Падишахот наредил да се затворат во некоја дрвена куќа и да бидат запалени.

Овие кадии беа воспитаници на споменатиот Али-паша, кој поради тоа се срамуваше да интервенира за нивното ослободување. Тогаш тој решил на друг начин да бидат помилувани (94б). Во дворот живееше безобразниот и веселиот комичар по име Хабеш, кој го забавуваше падишахот. Со цел да издејствува помилување на кадиите, везирот го повика комичарот и давајќи му 20.000 акчиња побара тој да најде начин

како би го убедил неговото величество да ги помилува кадиите. Користољубивиот Хабеш, кога востановил дека владетелот е расположен, побарал од него да му биде дозволено да го посети управителот на Константинопол. Падишахот го запрашал каква работа има во тој град. Тој одговорил дека намеравал да доведе стотина попови и калуѓери, бидејќи падишахот наредил уапсените кадии да бидат погубени. Доведените христијански свештеници би ги замениле споменатите кадии и би ги заменувале шеријатско-правните работи во казите. Неговото величество знаеше дека ова е шега, го повика големиот везир и побара да го изложи своето мислење. Пашата одговорил дека кадиите не биле добро платени од бејтулмалот и затоа примале мито.

По долги консултирања се реши, насекаде, во секое кадиство, за секој составен и напишан судски документ да биде наплатено по 25 акчиња такса; собраните пари од овој фонд да служат за исплатување на кадиските плати, а при склучувањето на бракови да се наплатува по три дирхема (95а). Значи, во 1055 година[40]) бил изгласан закон за сите склучени бракови, составени хуџети, за напишани документи при испитувањето на сведоците и за поднесените претставки да бидат наплатувани по 25 акчиња; за составување на „итикнами" по 60, за издавање мураселн по 6, за заведување на некој документ во сицилите по 8 акчиња, и тоа на име „ресм-и сицил", и за физичките делби на оставнините 15 акчиња „ресм-и кисмет". По ваков изгласан закон кадиите беа ослободени од смртната казна, но на мнозината им беа избричени брадите. На ваков начин големиот везир успеал да ги спаси од смртната казна . . .

Падишахот и понатаму продолжил со своето пијанчење и се забавувал со својата убавица. Небрежноста на владетелот спрема државните проблеми достигна кулминација (95б).

## Освојувањето на Солун и Лариса

Користејќи ја небрежноста на падишахот спрема општествените и државните проблеми, кралевите на Венеција, Франција, Ѓенова и Шпанија склучија сојуз и тргнувајќи по морски пат пристигнаа пред градот Солун. Се истоварија во околните места на овој град; опљачкаа некои места од тие провинции, убија и заробија луѓе. Кога беше падишахот известен за овој напад, се пробуди од својот безбрижен сон. Беше зима. Секој се одмараше во своите живеалишта. Но енергичниот владетел го зафати гнев и веднаш тргна и на пат кон Румелија ја опколи тврдината Солун. Истоварувањето на воените сили и опколу-

[40]) Меѓу 27. II 1645 и 16. II 1646 год.

вањето на тврдинава беше извршено од коријата. Веднаш потоа пристигнаа огромни непријателски сили. Но воените сили на падишахот беа сигурни во победата (95б). По неколку дена беше издадена наредба за јуриш. Беше извршен напад, при што грмеа пушки и топови. Муслиманските сили се бореа изговарајќи го славното божјо име. По кратко време над тврдината беше истакнато муслиманското знаме. Така беше освоен градот, сличен на Истанбул. По освојувањето беа именувани мухафизи кои се грижеа за безбедноста на оваа тврдина.

По освојувањето на Солун владетелот продолжи со освојување на други тврдини по крајбрежието. Тогаш и тврдината на Енишехир (Лариса) беше приклучена кон муслиманските румелиски територии.

Овие настани беа во 796 година.[41]) Бидејќи настапи есен царските трупи беа демобилизирани. Расположениот падишах се повлече во својата престолнина, градот Бруса.

## Освојувањата на султанот Јилдирим Хан

Во османлиската литература се зборува дека од 798 па до 800 година[42]) султанот Јилдирим Бајазид се занимавал со освојувања. Во некои акции тој учествувал лично, а во некои неговите војсководци. Тогаш падишахот решил да го освои и Пелопонескиот Полуостров. Затоа тој допатувал во Бер и веднаш отпочнал во околните места да испраќа свои акинџии. На таков начин и за кратко време беа освоени некои провинции, околу овој град. Падишахот во Бер изгради еден имарет. По извесно време владетелот допатува во Воден, каде што изгради џамија, имарет и некои други вакафски згради, и, испраќајќи доволен број трупи, ја освои тврдината и околните провинции на Трикала (100б).

## Борбата со Албанците

Управителот на Албанците имаше многу убав син Искендер. Бидејќи татко му го испрати во царскиот двор, тој беше забележан и од владетелот. Кога почина татко му, падишахот, го именува за валија на овој вилает, но по преземањето на должноста, Искендер го заборави доброто на владетелот и отпочна да пљачка некои места од заштитените царски земји. Кога царскиот двор беше известен за злосторничките дела на споменатиот Искендер, падишахот го назначи за сердар Иса-беј, син на Исхак-беј и точно во 842 година[43]) го испрати кај Албан-

---

[41]) Меѓу 6. XI 1393 и 26. X 1394 год.

[42]) Од 16. X 1395 до 12. IX 1398 год.

[43]) Меѓу 24. VI 1438 и 13. VI 1439 год.

ците. Со цел да ги среди внатрешните државни работи, сам остана во Одрин. Победоносната војска, навлегувајќи во албанската земја, секој ден освојуваше по нешто. Беа освоени повеќе градови на Албанците. По собирањето на богатиот плен, османските војски се вракаа кон царскиот двор, но кога еден дел од трупите пристигнаа во дервенот, се виде дека споменатиот Искендер им го пресекол патот и ги чекал. Тогаш беа убиени сите заробеници и, освојувајќи ги сите премини и дервенции, трупите се вратија во Високата порта (174а).

## Тргнувањето на султанот за освојување на Акчехисар (Кроја)

Меѓу разнородните народи и румелиските неверници живеат и Албанците, чиј морал и обичаи се цврсти како и нивните живеалишта и домови. Познато е дека Албанците тешко можат да бидат верни во светските и во верските работи, а и во послушноста кон владетелите и султаните. Точно во 852 година[44]), кога насекаде владееше мир падишахот беше известен дека некои елементи од албанските неверници го откажале плаќањето на џизието и дека други доверливи луѓе на владетелот ја откажале послушноста кон мухафизот на оваа граница, Албанецот Искендербег, и поради тоа (Искендербег) го испратил својот братучед по име Исмаил-беј во резиденцијата на султанот Мурат да бара помош. Владетелот решил на чело на овие трупи да биде престолонаследникот Мехмед Хан. Пред сè, како најчувствително место беше опколен градот Акчехисар (Кроја). Бидејќи и по силните напади, кои траеја цели два ипол месеци, тврдината не беше освоена, биле пресечени каналите за вода. Се појави голем недостиг на вода. Положбата на непријателот беше влошена до крајна мера, и сакале не сакале, неверниците беа принудени тврдината да ја предадат на исламскиот падишах. Победоносната војска ја освои тврдината и собра скапоцен плен. (183б).

## Заминувањето на султанот за да ја освои Албанија

(247б). Беше речено дека кон пактот склучен помеѓу Унгарците и Французите, се придружила и Албанија. Мислејќи само на нив, владетелот султанот Мехмед Хан тргна кон албанската земја и како собирно место на спахиите го одреди битолското поле. (248 а). Потоа во 871 година[45]) тој нападна на

[44]) Меѓу 7. III 1448 и 23. II 1449 год.
[45]) Меѓу 13. VIII 1466 и 1. VIII 1467 год.

Албанија, така што во сите планини и полиња на овој крај маршираа единиците на неговите коњанички сили. Непослушните лица беа врзувани со синџири и ставани во пранги; беше освоен сиот вилает, а сердарите беа истребувани. Потоа насекаде беа испратени акинџии кои собираа убави синови од Албанците и со нив го зголемија и потполнија бројот на царската армија. Мнозина Албанци, кои живееле во високите кршовити планини, дојдоа, се покорија пред царскиот престол и беа помилувани. Тогаш се издаде ферман за ѕидање на една тврдина, во која требало да живеат припадниците на исламот. Кога била завршена тврдината ѝ се дало името Елбасан. По сето ова, собирајќи богат плен, се тргна кон престолнината на Империјата, градот Одрин (248 а).

### Вториот поход на падишахот во Албанија

Беше укажана потреба султанот повторно да тргне за Албанија. Во царскиот двор се движеше еден младич по име Искендер. Овој младич долго време ги уживал сите благодети на царскиот двор, и беше воспитуван како љубимец на Високата порта. Но тој случајно беше поттикнат и излаган од некои немуслимански ѓаволи и не водејќи сметка дека потекнува од угледна фамилија беше се вљубил во власта и почнал да управува со таа земја. Поради тоа тој побегнал, пристигнал во Албанија се откажал од исламот, и по пат на измама и итрина успеал во оваа земја да преземе неколку тврдини. Покажувајќи дрскост и неверност, тој ја одзел и тврдината Елбасан, соѕидана од тогашниот султан. Дознавајќи за ова грубо предавство, султанот рано во пролетта на 872 година[46]) подготвил многубројни воени сили. Потоа тој тргнал на нивно чело и влегол во длабочините на албанските земји. Штетниот предавник Искендер се (248 б) повлече во високите планини и ги употреби како засолниште. Исламските спахии одеа од планина на планина и дојдоа до едно место каде што војник, ако не го познава теренот, никогаш не би успеал да се пробие. Овие висини и засолништа на бунтовниците беа опколени, и тоа од едната страна со силите на Румелија, а од другата со борците на Анадолија. По опколувањето, воените сили на Анадолија извршија ненадеен напад. Јуришот беше извршен ноќе и совладувајќи ги тешкотиите тие се нафрлија врз собраните бегалци. Беа водени жестоки борби, каде што мнозина беа убиени или врзани, спроведени до падишахот и лишени од животот. Заробените жени и деца и запленетите разновидни имоти ги на-

[46]) Пролет 1469 год.

следиле живите победници. На ваков начин албанските земји беа исчистени од неверничките елементи. Успевајќи да ја спаси само својата глава, итриот Искендер успеа да се префрли во западните земји. По таквата чистка смелиот владетел реши овој вилает да биде поделен на два санџака. Нив ги додели на своите слуги кои ова го заслужувале. По извојувањето на победата владетелот решил да се врати во својата престолнина. Бидејќи тогаш се слушна дека во Румелија се појавила куга и колера, падишахот тргна кон брегот на Црно Море, каде што се одмори.

## Решението на падишахот за војна со Албанците

(351 а). Владетелот испрати ферман и побара управителот на Галиполе, зетот Синан-паша, кој бил капудан, веднаш да подготви 300 бродови и да тргне кон пристаништето на Валона и таму да го чека падишахот. По ваквата наредба, точно на 3 џумазел ахир 897 година[47]) се крена знамето и бродовите тргнаа кон Валона. По пристигнувањето на трупите во Тепелен настапи месецот рамазан и тие престојуваа во овој град и се одмараа цели 24 дена. Со цел да бидат обезбедени некои несигурени места и критични проаѓалишта беше одреден и испратен во екселенција Даут-паша со доволен број јаничарски и други сили. По заминувањето тие опколија некои места, ги освоија, заробија непријателски војници и им одзедоа богат плен. Покрај оние што беа убиени во борбите, илјадници луѓе беа врзани и испратени до Високата порта. Помеѓу нив се наоѓаше и исчезнатиот син на албанскиот сердар, кој притоа беше погубен. Една петина од запленетите стоки и од заробените младинци и девојки беа задржани за државата, а другите четири петини беа разделени меѓу борците. Така, рајата на освоеното гранично подрачје беше обврзано со џизие. Бидејќи настапи зима трупите на чело со падишахот тргнаа кон престолнината.

При враќањето кога армијата стигна во Прилеп, се случи чуден и страотен настан. Во близината на овој град крај патот што водел за Прилеп, се сокрил некој непознат злосторник, кој при проаѓањето на владетелот, сосема ненадејно, во полугола состојба и со сабја во рака излегол од своето засолниште, се приближил до непобедивиот владетел за да го нападне. Но со помошта на севишниот бог, напаѓачот бил спречен од чаушот Курт Ајдин и од везирот Искендер-паша со сабја и му ја

---

[47]) 2. IV 1492 год.

расцепиле главата. Потоа, најголемото парче од него беше големо како увото. По овој ненадеен напад беше испитувано потеклото на напаѓачот, но никој за него ништо не знаеше. Оние кои, поради немарност, овозможија напаѓачот да се приближи до султанот, заслужија да бидат казнети, но беше решено да им се одземат само платите. По овој настан била издадена наредба, во секој поход на престолот секогаш кога ќе се тргнува на пат чуварите на владетелот да бидат со сабји во раце и да бидат опрезни кон таквите ненадејни напаѓачи.